Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 октомври 2023 година**

**Скопје, октомври 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 октомври 2023 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваше м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии,м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски,Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирањеи д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Филип Нечевски, директор за правни работи и човечки ресурси во Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, Анита Петровска, нотар, како и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 189-та и 191-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 3 и 9 октомври 2023 година

1. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог - одлука (Имотен лист бр.31965, КП бр.107 дел 1, КО Кисела Вода 1, со површина од 65 $м^2$)

2. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (Имотен лист бр.31682, КП бр.107 дел 1, КО Кисела Вода 1, со површина од 44 $м^2$)

3. Информација за склучување на Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата заради зголемување на платата на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје

4. Информација во врска со Одлуката бр.40-4759/3 од 1 јуни 2021 година за продажба на недвижен и движен имот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар" АД од Куманово и е доделен на Република Северна Македонија

5. Информација за оправданоста за нови вработувања во Фондот за осигурување на депозити за 2023 година

6. Годишен извештај за деловната активност на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година, Годишна сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година, Финансиски извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година, Финансискиизвештаи и Извештај на независниот ревизор на Фондот за осигурување на депозити, за 2022 година, со предлог-одлуки

7. Информација за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Леар цорпоратион Македонија ДООЕЛ Тетово, со усогласен текст на Договор и Предлог-одлука

8. Информација за склучување на Договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден, со усогласен текст на Договор, прилози и Предлог - одлука

9. Информација во врска со долготраен закуп на земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ, како закупец на земјиште, со текст на Договор

10. Годишна сметка, финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работењето за периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со предлог - одлуки

11. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (15) и предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност (2)

12. Правилник за изменување на Правилникот за посебните барања за безбедност и барањата за составот и начинот на означувањето на збогатената храна, односно на храната на која и се додадени витамини и минерали, дополнителни задолжителни информации поврзани со особеностите на збогатената храна, како и количеството, формата и видот на витамини и минерали кои можат да се додаваат на храната (*), со Предлог-одлука

13. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-794/1)

14. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор

15. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

16. Информација за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

17. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

18. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила

19. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

20. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2023 година, со прилози

21. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во периодот од 25.1.2023 година до 18.7.2023 година

22. Информација за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Проект за инфраструктура за систем за наводнување К36 ,,Сопот", КО Марена Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линска инфраструктурна градба: Нов 10(20) kV надземен вод, ТС 10(20)/0,4 kV и НН воздушна мрежа во с. Ресава, КО Ресава, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Живко Туфекчиев ул. „Александар Мартулков“ бр.33 Скопје, со Предлог - одлука

26. Информација во врска со барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, со прилози

27. Информација во врска со Барањето од Визер (Wizz Air Hungary Ltd) за работа на странци-пилоти во Република Северна Македонија надвор од квотата, со Предлог - одлука

28. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардак“ с.Мали, Влај Општина Струга 2/2023 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/23), со Предлог-одлука

29. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Марул“, Општина Прилеп

30. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Горица“, с.Соколарци, Општина Чешиново-Облешево, со предлог-одлуки

31. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Мојно“, Општина Могила, со предлог-одлуки

32. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Боровиќ 1“, Општина Кратово, со предлог-одлуки

33. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Боровиќ 3“, Општина Кратово, со предлог-одлуки

34. Информација за доделување на државна помош на Друштвото за производство на технички текстил Техникал текстајлс ДООЕЛ Штип и Предлог-договор за доделување на хоризонтална државна помош на Друштвото за производство на технички текстил Техникал текстајлс ДООЕЛ Штип, со усогласени текстови на договори и предлог-одлуки

35. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

36. Информација за потребата од донесување на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука

37. Предлог на закон за административни службеници, по скратена постапка

38. Предлог на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка

39. Информација за прогресот на активностите во врска со подготовката на законски решенија за формирање на Агенција за регионален и локален развој

40. Информација за потребата од утврдување на платата и вредноста на коефициентот на директорите на центрите за развој на планските региони, со Предлог - одлука

41. Информација во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Извештајот на Народниот правобранител за 2021 година, од страна на органите на државната управа опфатени во истиот
42. Предлог-одлуказа формирање Работна група за продолжување на процесот на децентрализација

43. Предлог-одлука за отворање на почесен конзулат на Народна Република Бангладеш во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

44. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Народна Република Бангладеш во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

45. Предлог-решение за отповикување на почесен конзул на Република Северна Македонија во Кралството Норвешка, со седиште во Молде

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар Маца Ѓорѓиева Овчарова Велес (таблети)

47. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево

48. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово

49. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка (поднесен од група пратеници)

50. Иницијатива од Сојузот на синдикатите на Македонија, Синдикат за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија (СГИП), доставена до Уставниот суд под У.бр.111/23 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23)

51. Иницијатива од Хелсиншки комитет за човекови права од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.140/2023, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23)

52. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.124/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став 1 и 4 и член 73 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21)

53. Понуда од нотар Башким Елези од Гостивар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.99570 за КО Гостивар - 1 на КП бр.1300/1, КП бр.1300/27, КП бр.1300/28, КП бр.1300/29, КП бр.3696/5 и КП бр.3793/5, викано место/улица „Гостивар“

54. Понуда од нотар Станка Горичан од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1733 и Имотен лист бр.1411, за КО Долно Лакочереј-Вонград,на КП бр.485, КП бр.486/1, КП бр.497/2 и КП бр.1219/8, викано место/улица „Габавци“

55. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1568 и Имотен лист бр.5653, за КО Инџиково, на КП бр.499/2, викано место/улица „Геран“

56. Понуда од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот на КП бр.20335/1, КП бр.20335/3, КП бр.20335/5 за КО Прилеп со Имотен лист бр.7698, викано место/улица „Моше Пијаде“ и КП бр.20335/2, КП бр.20335/4 за КО Прилеп со Имотен лист бр. 66360, викано место/улица „Моше Пијаде“

57. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4595, за КО Сингелиќ-1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „П.Толјати“

58. Понуда од нотар Лидија Илиевска од Пробиштип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.272, за КО Ратавица, на КП бр.472 викано место/улица „Осојница“

59. Кадровски прашања

60. Прашања и предлози

61. Информација за донесеното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки, за поништување на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпилје“ бр. 41-4719/11 од 6.6.2023 година

62. Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јануари-јуни 2023 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ - Охрид на ТАВ Македонија, со прилози

63. Акциски план за спроведување на препораките од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија (со дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на препораките)

64. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1.1.2023 до 31.3 2023 година

65. Извештај за финансиското работење на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за периодот од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година

66. Информација за донација на локомотиви од „Србија Воз“ за Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје

67. Информација во врска со донесување на Одлука за започнување на постапка за избор на универзален снабдувач, со Предлог-одлука

68. Информација во врска со Барањето за еднострано раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Тетово помеѓу Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово и Друштвото за производство, трговија и услуги Екоперформанс ДООЕЛ с.Желино, Желино, со Предлог-одлука

69. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги СИВА СТОНЕ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово на локалитетот „Думановце“, Општина Липково

70. Информација по однос на состојбата со кафеавата мечка (Ursus arctos L.), дивеч под заштита кој е трајно забранет за лов и зголемениот обем на штета која овој дивеч ја причинува врз имотот и добрата на граѓаните на Република Северна Македонија

71. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 22 септември 2023 година до 28 септември 2023 година

72. Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 15 септември 2023 година до 21 септември 2023 година

73. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 8 септември 2023 година до 14 септември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи

74. Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2023 година

75. Барање за зголемување на основната главнина на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, во државна сопственост, во влог преку издавање на нови акции од трета емисија по пат на приватна понуда за подмирување на долг кон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, со Предлог - одлука

76. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на филтер станица за вода за пиење за нм.„Пршовце и Глоѓи“, Општина Теарце

77. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижни ствари на Универзитетот во Тетово

78. Информација за работа на Делегацијата на Република Северна Македонија на 42. сесија на Генералната конференција на УНЕСКО во Париз, Франција, со текст на Платформа

79. Информација за потпишување на Записник од дискусии (Record of Discussions) за економска и дипломатска соработка помеѓу Република Кореја и Република Северна Македонија

80. Информација во врска со проектот „Сончев Град“, а во врска со доставениот допис/барање од страна на Турмак градежништво, индустрија и трговија, Акционерско друштво Истанбул Република Турција

81. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2023 година

82. Информација за проектот „Изградба на нова железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридорот VIII“

*

*        *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 октомври 2023 година и Записникот од Сто деведесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 октомври 2023 година.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог - одлука (Имотен лист бр.31965, КП бр.107 дел 1, КО Кисела Вода 1, со површина од 65 $м^2$).

**Точка 2**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (Имотен лист бр.31682, КП бр.107 дел 1, КО Кисела Вода 1, со површина од 44 $м^2$).

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за склучување на Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата заради зголемување на платата на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, за наредната седница на Владата.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката бр.40-4759/3 од 1 јуни 2021 година за продажба на недвижен и движен имот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар“ АД од Куманово и е доделен на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Бирото за процена да пристапи кон реализација на изготвување нова проценка на имотот согласно поднесеното Барање на Комисијата бр. 27-6127/5-сл-1 од 8.3.2023 година на следниот начин:

Да се утврди посебно вредноста на трите машини доделени со различно право на намирување на Управата за јавни приходи од стечајната маса и тоа за машините:

MOLDING MARK 8 - линија со 2 регистарски број 23428 во чиј состав е и машината HAUNI со сериски број 7249.

MOLDING MARK 8 - линија 4 регистарски број 33125 во чиј состав е и машината HAUNI со сериски број 7147.

Машина за изработка на цигари - GD - BOLONJA во чиј состав влегува:

машина за изработка на цигари двоканална MAKER 121,

машина за спојување филтри GD - Bolonja AF12,

акумулатор за цигари (буфер) GD - Bolonja C90,

машина за пакување на цигари во кутии GD - Bolonja I.L,16

Врекен филтер со вентилатор HAUNI DF-CZ.

- Да се утврди поединечно пазарната вредност на недвижниот имот по објекти и катастарски парцели.

- Да се утврди пазарната вредност поединечно на секоја подвижна ствар (опрема и инвентар).

- Да се утврди вредноста на имотот по пакети како што е доделен со Решението за конечна распределба на Основниот суд Велес ст бр.137/13, со додавање на посебна колона со наслов „ПАКЕТ бр.:“ во рекапитуларот на проценка, за секоја ставка поединечно.

- Да се утврди во кој објект кој вид од движниот имот (опрема и инвентар) е лоциран, со додавање на посебна колона со наслов „објект/зграда бр.:“ во рекапитуларот на проценка, за секоја ставка поединечно.

2. Проценката на вредноста на недвижниот и движен имот според горе наведените начини (облик и форма) да се изготви со увид на лице место.

3. Проценката да ја изврши Бирото за процена за период не подолг од еден месец.

4. За спроведување на заклучоците Бирото за процена да ја информира Владата за преземените активности во рок од 45 дена.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за оправданоста за нови вработувања во Фондот за осигурување на депозити за 2023 година.

**<u>Точка 6</u>**

Владата по Годишниот извештај за деловната активност на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година, Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година, Финансиските извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година, Финансиските извештаи и Извештајот на независниот ревизор на Фондот за осигурување на депозити, за 2022 година, со предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Фондот за осигурување за депозити за 2022 година.

2. Одлуката за потврдување на Одлуката за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година.

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Леар цорпоратион Македонија ДООЕЛ Тетово, со усогласен текст на Договор и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Леар цорпоратион Македонија ДООЕЛ Тетово-корисник на Технолошка индустриска развојна зона Тетово.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден, со усогласен текст на Договор, прилози и Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2.

**Точка 9**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со долготраен закуп на земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ, како закупец на земјиште, со текст на Договор за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 10**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето за периодот од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со предлог - одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија
за периодот од 1.1.2022 до 31.12.2022 година.

2. Одлуката за одобрување на Консолидираната годишна сметка на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот од 1.1.2022 до 31.12.2022 година.

3. Одлуката за одобрување на финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот од 1.1.2022 до 31.12.2022 година.

4. Одлуката за одобрување на консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот од 1.1.2022 до 31.12.2022 година.

5. Одлука за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за периодот од 1.1.2022 до 31.12.2022 година.

6. Одлуката за распоредување на добивката остварена во 2022 година по Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за економија - Државен пазарен инспекторат (ПМВ „опел астра“).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (ПМВ „мерцедес бенз ц 220“).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ТМВ „форд транзит“).

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за управување со одземен имот (ПМВ „мерцедес“).

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом Вевчани (ПМВ „волво“).

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „фиат пунто“).

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Шуто Оризари (ПМВ „опел вектра“).

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „ауди А3).

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „мерцедес“).

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „пежо 407“).

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Паркови и зеленило Скопје - (ПМВ „форд фокус“).

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „сеат“).

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи („ПМВ „фолксваген шаран“).

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Национална опера и балет - Скопје (ПМВ „опел зафира“).

15. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет во управна постапка на ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид.

16. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет во прекршочна постапка на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата не ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје, бидејќи Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје, не е усогласено со Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата го разгледа Правилникот за изменување на Правилникот за посебните барања за безбедност и барањата за составот и начинот на означувањето на збогатената храна, односно на храната на која и се додадени витамини и минерали, дополнителни задолжителни информации поврзани со особеностите на збогатената храна, како и количеството, формата и видот на витамини и минерали кои можат да се додаваат на храната (*), со Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за посебните барања за безбедност и барањата за составот и начинот на означувањето на збогатената храна, односно на храната на која и се додадени витамини и минерали, дополнителни задолжителни информации поврзани со особеностите на збогатената храна, како и количеството, формата и видот на витамини и минерали кои можат да се додаваат на храната (*).

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-794/1).

**Точка 14**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука и не ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 18**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила.

**Точка 19**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2023 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Градот Скопје, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица - Пробиштип, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват акциски план по дадениот образец со статус заклучно со 30.9.2023 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии најдоцна до 27.10.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии до 17.11.2023 година година врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во заклучокот бр. 1 да подготви и до Владата да достави информација.

**Точка 21**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди со вкупен извештај за штета во периодот од 25.1.2023 година до 18.7.2023 година, за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Куманово, Кочани, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Охрид и Кичево.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Проект за инфраструктура за систем за наводнување К36 ,,Сопот", КО Марена Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за систем за наводнување К36 ,,Сопот", КО Марена, Општина Кавадарци.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линска инфраструктурна градба: Нов 10(20) кV надземен вод, ТС 10(20)/0,4 кV и НН воздушна мрежа во с. Ресава, КО Ресава, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линска инфраструктурна градба: Нов 10(20) кV надземен вод, ТС 10(20)/0,4 кV и НН воздушна мрежа во с.Ресава, КО Ресава, Општина Кавадарци.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Живко Туфекчиев ул. „Александар Мартулков“ бр.33 Скопје, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да го склучи анексот на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф.бр. 250, бр. 11-795/1 од 30.1.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијално работење до 2.4.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф.бр. 250, најмалку до 3.6.2024 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето од Визер (Wizz Air Hungary Ltd) за работа на странци-пилоти во Република Северна Македонија надвор од квотата, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на бројот и условите за издавање на дозволите за привремен престој заради работа на странски работници кои ќе се издаваат надвор од квотата.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардак“ с.Мали, Влај Општина Струга 2/2023 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/23), со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардак“ с.Мали Влај, Општина Струга 2/2023, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр.107/23.

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - варовник на Трговското друштво за производство, трговија и услуги СЕФА КОМПАНИ с.Франгово Струга ДООЕЛ на локалитетот „Чардак“ с.Мали Влај, Општина Струга.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Марул“, Општина Прилеп, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - кварц на локалитетот “Марул“, Општина Прилеп 7/2023.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Горица“, с.Соколарци, Општина Чешиново-Облешево, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Мојно“, Општина Могила, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство.

**Точка 32**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метални минерални суровини на локалитетот „Боровиќ 1“, Општина Кратово, со предлог-одлуки.

**Точка 33**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални

геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот „Боровиќ 3“, Општина Кратово, со предлог-одлуки.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на државна помош на Друштвото за производство на технички текстил Техникал текстајлс ДООЕЛ Штип и Предлог-договор за доделување на хоризонтална државна помош на Друштвото за производство на технички текстил Техникал текстајлс ДООЕЛ Штип, со усогласени текстови на договори и предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на технички текстил Техникал текстајлс ДООЕЛ Штип - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Штип(за регионална помош).

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на технички текстил Техникал текстајлс ДООЕЛ Штип - корисник на Технолошко индустриската развојна зона Штип (за хоризонтална помош).

3. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да го потпише Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на технички текстил Техникал текстајлс ДООЕЛ Штип-корисник на Технолошко индустриската развојна зона Штип (за регионална помош).

4. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да го потпише Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на технички текстил Техникал текстајлс ДООЕЛ Штип-корисник на Технолошко индустриската развојна зона Штип (за хоризонтална помош).

**Точка 35**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии.

**Точка 37**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за административни службеници, по скратена постапка.

**Точка 38**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во врска со подготовката на законски решенија за формирање на Агенција за регионален и локален развој, ја усвои и го задолжи Министерството за локална самоуправа да отпочне со процесот на подготовка на законски решенија за формирањето на Агенцијата за регионален и локален развој.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од утврдување на платата и вредноста на коефициентот на директорите на центрите за развој на планските региони, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на плата и вредност на коефициент за плата на директорите на центрите за развој на планските региони.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Извештајот на Народниот правобранител за 2021 година, од страна на органите на државната управа опфатени во истиот, ја усвои Информацијата и согласно член 36 став 4 од Законот за Народниот правобранител заклучи истата да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието на Република Северна Македонија се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и м-р Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереник м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за формирање Работна група за продолжување на процесот на децентрализација.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на почесен конзулат на Народна Република Бангладеш во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Народна Република Бангладеш во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 45**

Владата го донесе Решението за отповикување на почесен конзул на Република Северна Македонија во Кралството Норвешка, со седиште во Молде.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар Маца Ѓорѓиева Овчарова Велес (таблети).

**Точка 47**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ п.о., Василево).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево (за потребите на ООУ „Атанас Нивичански“, с.Нова Маала, Василево).

**Точка 48**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (за потребите на ООУ „Јосип Броз Тито“, Валандово) и

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, с.Јосифово, Валандово).

**Точка 49**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со предложените измени и дополнувања се поедноставува постапката за доделување лиценца на здравствените установи во кои работат избраните лекари, со тоа што наместо договор за лиценца за вршење на дејноста во мрежата на здравствени установи, се предлага лиценцата да се доделува со решение, односно да се издава само решение за доделување лиценца за избраните лекари.
Условите, начинот и постапката за вршење на дејноста во мрежата на здравствени установи од страна на приватните здравствени установи во целост е уредена со Законот за здравствената заштита. Лиценцата за вршење здравствена дејност во мрежата се доделува со договор за лиценца по спроведен јавен повик за доделување лиценца, а потоа се издава и решение на Министерството за здравство за вршење на дејноста во мрежата. Договорот за лиценца, како правен институт со кој се доделува лиценцата, Министерството за здравство го склучува со здравствената установа на која ѝ е доделена лиценцата (на примарно, секундарно или терцијарно ниво) по спроведување на постапката за доделување лиценца, со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски за доделената лиценца меѓу Министерството за здравство и носителот на лиценцата.

Во важечкото законско решение од членот 231 став (10), всушност, е предвиден исклучок од горенаведените правила за постапката за доделување лиценца, така што во установите во кои работат избраните лекари не се спроведува постапка за доделување на лиценца по јавен повик. Тоа се лиценците што се доделуваат на избраните лекари: доктор на медицина, специјалист по општа медицина, специјалист по семејна медицина, специјалист по училишна медицина, специјалист по медицина на трудот кога врши работи на семеен, односно општ лекар, специјалист по педијатрија, специјалист по гинекологија и акушерство и доктор на стоматологија. Пропишано е дека, врз основа на барање за доделување на лиценца, Министерството за здравство склучува договор за лиценца доколку во мрежата на здравствени установи не е исполнет максималниот број на тимови за соодветната здравствена дејност и територија. Значи, за овие установи не се спроведува постапка по јавен повик, туку единствен услов за доделување на лиценца (преку склучување договор за лиценица) е неисполнетоста на максималниот број на тимови за соодветната здравствена дејност и територија и тоа само за

установите во кои работат избраните лекари. Така, во примената на оваа законска одредба, доделувањето лиценца се врши со два акти: договор за лиценца склучен со Министерството за здравство и решение на Министерството за здравство, што имаат исто правно значење од аспект на доделувањето на лиценцата и правните односи што со тоа се воспоставуваат.

Од друга страна, задолжителните законски елементи од член 229 став (19) што ги содржи договорот за лиценца кој се склучува со здравствена установа на која ѝ е доделена лиценцата, освен надоместокот за лиценцата, се содржани и во решението на Министерството за здравство за вршење на дејноста во мрежата: видот на здравствена дејност која ќе се врши врз основа на лиценца, почетокот на користењето на лиценцата, давањето на лиценцата за период до 35 години, просторот и опремата за вршење на здравствената дејност, податоците за лицата со кои носителот на лиценца ќе работи во тим и одредби за обврската носителот на лиценца да побара претходна согласност од Министерството за здравство за секоја промена која се однесува на содржината на договорот за лиценца, а особено на промената на лицето со кое носителот на лиценца ќе работи во тимот и промена на просторот во кој наситеолот на лиценца ќе ја врши дејноста. Надоместокот за лиценцата во важечките договори за лиценца е определуван во симболичен износ, но и самото негово воспоставување е проблематично во однос на целта на одредбата, а тоа е доделувањето лиценца на здравствените установи во кои работат избраните лекари да се спроведува без претходно спроведена постапка по јавен повик. Со оглед на тоа што со предложеното законско решение престанува обврската за склучување на договор за лиценца за избраните лекари, а со тоа и обврската за примена на задолжителните елементи на договорот, со предложеното законско решение ќе се овозможи да продолжи да се издава само решение на Министерството за здравство за вршење на дејноста во мрежата, во кое, како и во досегашната примена на Законот, ќе продолжат да бидат содржани сите задолжителни законски елементи во врска со вршењето на дејноста во мрежата што досега беа уредени и во договорот за лиценца и во решението, освен надоместокот за лиценцата затоа што нема да се склучува договор за лиценца.

Склучувањето на договорот за лиценца претставува големо административно и процедурално оптоварување (изготвување на два акти, подигање, потпишување, а потоа склучување и анекси за одредени ситуации, итн.), што го прави несоодветен за целта што се сака да се постигне со доделувањето лиценца без јавен повик.

Со предложеното законско решение, значително се поедноставува постапката за доделување лиценца на примарно ниво на здравствена заштита за избраните лекари, така што наместо договор за лиценца склучен со Министерството за здравство и решение на Министерството за здравство за вршење на дејноста во мрежата како два посебни акти, ќе се издава само решение на Министерството за здравство за доделување лиценца за избраните лекари како еден управен акт, при што останува да се применува истиот критериум за неисполнетоста на максималниот број на тимови за соодветната здравствена дејност и територија, како услов за доделување на лиценцата.

Со предложените измени и дополнувања се поедноставува и постапката за давање на просторот или опремата под закуп од јавна здравствена установа на носител на дејноста во тим кој веќе работи во постоечка приватна здравствена установа под закуп од јавната здравствена установа.

Според важечките одредби на Законот, постапка за издавање под закуп задолжително се спроведува во сите случаи по престанок на закупот на просторот и опремата, ако за тоа се донесе соодветна одлука на управниот одбор на јавната здравствена установа и писмена согласност од Министерството за здравство. Со предложеното дополнување на Законот со новиот став (17) во членот 231, се воспоставува исклучок од ова правило, со тоа што да не се спроведува постапка за давање на просторот или опремата под закуп и правото на закуп на просторот и опремата потребна за вршење на соодветната дејност да му се додели на носителот на дејноста од вториот тим вработен во здравствената установа.

Со предложеното законско решение, се овозможува континуитет во работењето на установите и лекарите што се веќе вработени во тие установи, под јасно определени два услови за тоа, кои ќе се утврдат во соодветната постапка за донесување на одлуката на управниот одбор на установата и за издавање на согласноста на Министерството за здравство и на решението за продолжување со вршење на дејноста: (1) основ за престанок со работа на установата да е еден од законските услови од членот 318 од Законот (со денот на исполнувањето на услови за остварување на старосна пензија на здравствениот работник на кого му се издадени под закуп просторот и опремата, односно на негово барање) и (2) во установата да работи втор тим (составен од доктор и сестра) чиј носител на дејност е со работен стаж од најмалку една година во установата.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Иницијативата од Сојузот на синдикатите на Македонија, Синдикат за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија (СГИП), доставена до Уставниот суд под У.бр.111/23 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителите на Иницијативата сметаат дека донесениот Закон е во спротивност со Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија од 13.7.2022 година со која од аспект на работното време беше укинат членот 12 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридор 10 во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21).

Согласно Иницијативата оспорените законски решенија ги повредуваат членот 8, членот 9, членот 32, членот 34 и членот 35 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно членот 8, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот; слободното изразување на националната припадност; владеењето на правото; поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска; политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори; правната заштита на сопственоста; слободата на пазарот и претприемништвото; хуманизмот, социјалната правда и солидарноста; локалната самоуправа; уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Членот 9 од Уставот предвидува дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно членот 32 од Уставот, меѓу другите права поврзани со работата, секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Членот 34 предвидува дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Членот 35 дефинира дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани. Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Подносителот на Иницијативата наведува и дека оспорените членови 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи се во спротивност со Конвенцијата за трудови клаузули во јавните договори, 1949 (С 94) и Ревидираната европска социјална повелба, Директивата 2003/88 за одредени аспекти на организација на работното време, Конвенцијата за неделен одмор, Конвенцијата за 40 часовно работно време.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), во членот 110 го уредува местото и начинот на исплатата на платата на работникот. Притоа, со оспорениот член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, во истиот член, по ставот (3), се додава нов став (4) кој дефинира дека министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон.

Во членот 117 од истиот закон, се уредува прекувремената работа, односно, случаите кога работникот е должен, на барање на работодавачот да врши прекувремена работа (со ставот (1), а ставот (2) предвидува дека прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени. Притоа, прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно.

Ставот (3) од истиот член предвидува исклучок за работниците од Министерството за внатрешни работи и работниците од Агенцијата за национална безбедност, кои вршат посебни должности и овластувања согласно со посебни закони, и кај нив прекувремената работа може да трае подолго од 190 часа годишно, поради извршување на итни и неодложни работи, по претходно дадена писмена согласност на работникот.

Со ставот (7) пак, регулирано е дека ако работодавачот воведува прекувремена работа подолго од она утврдена со ставот (2), односно подолго од 190 часа, должен е да изврши прераспоредување на работното време или воведување на нови смени.

Со членот 2 од оспорениот Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, Законот се дополнува со нов член 117-а, кој утврдува дека по исклучок од членот 117 ставови (1), (2) и (7) од овој закон, за работа на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а заради потребата од континуитет во работата, прекувремената работа може да трае подолго од осум часа неделно и 190 часа годишно, по претходна дадена писмена согласност од страна на работникот. Притоа, работата над 40 часа неделно се смета и се плаќа како прекувремена работа, со задолжително почитување на одредбите за дневен и неделен одмор, во согласност со членовите 133 и 134 од овој закон.

Со оспорениот член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, се дополнува членот 134, во ставот (3), во кој се наведуваат исклучоците од правилото

дека недела е ден на неделен одмор, односно дејностите и работите кај кои работниот процес е од таква природа што не може да се прекине поради техничко - технолошкиот процес и потребата од континуитет во работата и каде ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата. Имено, веќе постоечките 43 исклучоци се дополнети со уште еден исклучок за работа во недела, а тоа е кај работи на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон.

Оспорениот член 1 не е спротивен на членот 32 од Уставот кој вели дека правата на вработените се остваруваат со закон и колективен договор и во овој случај не постои загрозување на правата од работен однос, затоа што членот 1 не се однесува на правото на работникот на плата. Оттука, ова право во ниту еден момент не е компромитирано со одредбата, затоа што истата интервенира само во делот на начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон. Притоа, имајќи предвид дека изведувањето на ваквите проекти има свои специфики, нужно е и поинакво уредување на начинот и местото на исплатата и затоа истото го пропишува министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика, како ресорно надлежен министер.

Членовите 2 и 3, со кои се прават исклучоци за часовите за прекувремена работа и работата во недела, одат во иста линија како и воведувањето на исклучоци со членот 117 став (3) од Законот за работните односи и оние наведени во членот 134 став (3) од Законот. И тука, повторно поради посебните карактеристики на работите од стратешко национално значење, кои во најголем број се во областа на градежништвото и потребата од нивно навремено завршување, се овозможува, само кај работата на проекти од стратешко национално значење утврдена со закон да се применуваат отстапки. Првично, за работата на проекти да биде од стратешко и национално значење, тоа ќе треба да биде утврдено со закон, што значи дека овие одредби нема да значат, како што вели подносителот, нивна примена врз цела категорија на градежни работници по дефиниција. Понатаму, градежништвото како сектор, и самиот има посебности, бидејќи изведувањето на работите во истиот е најчесто условен од временските прилики и е сектор каде што најмногу се користи институтот прераспределени работни часови. Следствено, овие работници, дури и со прекувремените часови работа, нема да можат да ги користат во број којшто го наведува подносителот, затоа што законодавецот предвидел ограничувања со задолжителната примена на одредбите за дневен и неделен одмор, во согласност со членовите 133 и 134 од Законот.

Дополнително, како задолжителен елемент е и согласноста на работникот, без која ниту еден работник не може да биде распореден да работи прекувремена работа, подолго од законски утврдената во член 117 став (2).

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените членови се во согласност со членот 8 алинеи 1 и 3, членот 9, членот 32, членот 34, членот 35 и членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за оценување на уставност и законитост на членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 111/23).

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата од Хелсиншки комитет за човекови права од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.140/2023, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23), за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за транспорт и врски во соработка со Секретаријатот за законодавство да достави заедничко (обединето) мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 52**

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.124/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став 1 и 4 и член 73 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21), за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за финансии во соработка со Секретаријатот за законодавство да достави заедничко (обединето) мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Елези од Гостивар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.99570 за КО Гостивар - 1 на КП бр.1300/1, КП бр.1300/27, КП бр.1300/28, КП бр.1300/29, КП бр.3696/5 и КП бр.3793/5, викано место/улица „Гостивар" и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Станка Горичан од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1733 и Имотен лист бр.1411, за КО Долно Лакочереј-Вонград,на КП бр.485, КП бр.486/1, КП бр.497/2 и КП бр.1219/8, викано место/улица „Габавци" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1568 и Имотен лист бр.5653, за КО Инџиково, на КП бр.499/2, викано место/улица „Геран" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот на КП бр.20335/1, КП бр.20335/3, КП бр.20335/5 за КО Прилеп со Имотен лист бр.7698, викано место/улица „Моше Пијаде" и КП бр.20335/2, КП бр.20335/4 за КО Прилеп со Имотен лист бр. 66360, викано место/улица „Моше Пијаде" и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4595, за КО Сингелиќ-1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „П.Толјати" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Илиевска од Пробиштип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.272, за КО Ратавица, на КП бр.472 викано место/улица „Осојница“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

**1.** Владата го отповика Панче Трпкоски од должноста член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, на негово барање.

1.1 Владата го избра Дејан Чакароски за член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

**2.** Владата го разреши Мирсад Ибраими од должноста вршител на должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје.

2.1 Владата го именува Мирсад Ибраими за директор на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје.

**3.** Владата ја разреши Кети Костовска од должноста член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет).

3.1 Владата ја именува Аријета Рамадани за член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), на предлог на министерот за образование и наука.

**4.** Владата ја именува Маја Арсоска за член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните, претставник од Министерството за образование и наука.

**5.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот, ги разреши:

-Цвете Серафимовски и
-Весна Илиева

5.1 Владата за членови на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, ги именува:

-Стефан Јанчевски и
-Едис Хасан

**6.** Владата од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, поради истек на мандатот ги разреши:

а) од претседател:
-Моника Јованова

б) од членови:
-Пиштар Лутфиу
-Бранко Ничота
-Димитрија Анѓелковски

6.1 Владата за членови на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, ги именува:

-Моника Младеновиќ, за период од три години,
-Наташа Гешоска, за период од три години,
-Шерефедин Ибиши, за период од три години и
-Адријан Фазлија, за период од две години.

**7.** Владата ја разреши Аријета Рамадани од должноста член на Националната комисија за учебници, од редот на основните и средните училишта.

**8**. Владата го разреши Мартин Николовски, од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, претставник од Советот на општината, на негово барање.

8.1 Владата ја именува Даниела Велковска за член на Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, претставник од Советот на општината.

**9.** Владата од должноста претседател и член на Одборот за надзор на материјално финансиска контрола на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот, ги разреши:

а) од претседател:
-Љубомир Поповски

б) од член:
-Кристина Кутревска

9.1 Владата за претседател и член на Одборот за надзор на материјално финансиска контрола на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, ги именува:

а) за претседател:
-Далибор Атанасов

б) за член:
-Мируше Шаини

**10.** Владата го разреши Зинија Фејзулаи од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“ -Ростуше, поради истек на мандатот.

10.1 Владата го именува Имран Мифтари за член на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“ -Ростуше - претставник на основачот, на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“ -Ростуше.

**11.** Владата на Маја Срезоска и утврди престанок на мандатот член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., согласно закон.

**12.** Владата од должноста член и вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., поради истек на мандатот, ги разреши:

- Златко Маркоски од должноста член и

- Флорјан Незировски од должноста вршител на должноста член

12.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., ги именува:

-Маја Срезоска
-Жарко Трајков и
-Ристо Манев.

**13.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на АД Аеродроми на Република Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје да го отповика Трајче Ангеловски од должноста член на Управниот одбор кој носи назив генерален директор, а за член на Управниот одбор кој носи назив генерален директор да ја избере Миликије Халими.

**14.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје да го отповика Ељвир Зендели од должноста член на Управниот одбор - директор за поштенски операции, а за член на негово место да го избере Мерсел Садику.

**<u>Точка 60</u>**

**1.** Владата по Барањето за изменување на Заклучок бр.3, Точка 42 од Сто и деведесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 октомври 2023 година, кој гласи:
„Владата го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје и Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ги утврди правните аспекти, да го провери основот и евентуална застареност на долгот што е предмет на спорот и обврската за постапување по тужбеното барање, како и дали е предвидена/прифатена обврската во билансите на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје", заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се укажува на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје и Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ги утврдат правните аспекти, да го проверат основот и евентуалната застареност на долгот што е предмет на спорот и обврската за постапување по тужбеното барање, како и дали е предвидена/прифатена обврската во билансите на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.".

**2.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата од Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, согласно Извадокот од Нацрт-записникот, од Сто осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 август 2023 година, Точка 120 - Прашања и предлози, доставена преку Министерството за транспорт и врски, за наредната седница на Владата.

**3.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 23 Октомври - „Ден на македонската револуционерна борба" ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да формира делегација за положување цвеќе по повод државниот празник 23 Октомври - „Ден на македонската револуционерна борба"

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежо цвеќе за делегациите според спецификација обезбедена од

Одделението за протокол на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и цветно уредување на споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје.

3) Се задолжува Одделението за протокол од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го организира протоколарното положување на цвеќе на споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје.

4) Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да ангажира гардисти и фанфаристи и да обезбеди опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвена стаза).

5) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Одделението за протокол да ја извести владината делегација и дипломатскиот кор за деталите за положување цвеќе и да го координира положувањето свежо цвеќе.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за да обезбеди непречено одбележување на празникот.

7) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да го организира медиумскиот дел од настанот (покана до медиуми, пакет за испорака до медиуми).

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за донесеното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки, за поништување на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпилје“ бр. 41-4719/11 од 6.6.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јануари-јуни 2023 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ - Охрид на ТАВ Македонија, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Акцискиот план за спроведување на препораките од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија (со дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на препораките), како материјал за информирање, при што да се има предвид забелешката на Министерството за финансии во однос на препораката број 20.

**Точка 64**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1.1.2023 до 31.3 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за периодот од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за донација на локомотиви од „Србија Воз“ за Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт и врски, да иницира средба со Министерството за сообраќај, градежништво и инфраструктура на Република Србија, за поведување на постапка од страна на Владата на Република Србија, за давање на согласност на „Србија Воз“, за реализација на донација од неколку електро локомотиви и ДМУ (дизел моторни патнички гарнитури), на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информација во врска со донесување на Одлука за започнување на постапка за избор на универзален снабдувач, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за започнување на постапка за избор на универзален снабдувач, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, а се укажува на Регулаторната комисија за енергетика и Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), во рок од седум дена да номинират по еден член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапката за избор на универзален снабдувач.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за еднострано раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Тетово помеѓу Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово и Друштвото за производство, трговија и услуги Екоперформанс ДООЕЛ с.Желино, Желино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги СИВА СТОНЕ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово на локалитетот „Думановце“, Општина Липково.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата по однос на состојбата со кафеавата мечка (Ursus arctos L.), дивеч под заштита кој е трајно забранет за лов и зголемениот обем на штета која овој дивеч ја причинува врз имотот и добрата на граѓаните на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да изработи акциски план за управување со кафеавата мечка (Ursus arctos L.), на територијата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од три месеци да направи анализа од регионот за формирање интервентен тим за крупни ѕверови и за истото да ја информира Владата.

3. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со научни институции, во рок од три месеци да достават можни локации каде би можеле да се дислоцираат/префрлат кафеавите мечки.

4. Се задолжува директорот на Центарот за управување со кризи да ја организира координацијата на активностите на институциите во спроведување на мерките, да организира и спроведува контрола над нивната имплементација, како и да преложи нови мерки покрај донесените и препорачани од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за создавање на услови за намалување на појавата на кафеавата мечка (Ursus arctos L.), во урбани средини.

**Точка 71**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 22 септември 2023 година до 28 септември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 72**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 15 септември 2023 година до 21 септември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 73**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 8 септември 2023 година до 14 септември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 74**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2023 година.

**Точка 75**

Владата повторно го разгледа Барањето за зголемување на основната главнина на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, во државна сопственост, во влог преку издавање на нови акции од трета емисија по пат на приватна понуда за подмирување на долг кон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, со Предлог - одлука, го прифати Барањето и условно ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје со издавање на четврта емисија хартии од вредност - обични акции по пат на приватна понуда, доколку предлагачот, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство, потврдат дека подмирувањето на долгот треба да биде со зголемување на основната главнина преку издавање на четврта емисија хартии од вредност - обични акции по пат на приватна понуда.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на филтер станица за вода за пиење за нм.„Пршовце и Глоѓи", Општина Теарце и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии врз основа на даденото позитивно мислење да ги обезбеди предвидените средства во буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање и тоа за:

- 2023 година 2.100.000,00 денари (со вклучен ДДВ),
- 2024 година 30.750.000,00 денари (со вклучен ДДВ) и
- 2025 година 20.350.000,00 денари (со вклучен ДДВ).

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја започне постапката за повеќегодишна јавна набавка.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижни ствари на Универзитетот во Тетово.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за работа на Делегацијата на Република Северна Македонија на 42. сесија на Генералната конференција на УНЕСКО во Париз, Франција, со текст на Платформа и ги донесе следните заклучоци (согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство):

1.Ја усвои Информацијата за работа на Делегацијата на Република Северна Македонија на 42. сесија на Генералната конференција на УНЕСКО во Париз, Франција, со текст на Платформа.

2.Ја усвои Платформата за работа на Делегацијата на Република Северна Македонија на 42. сесија на Генералната конференција на УНЕСКО во Париз, Франција, од 7 до 22 ноември 2023 година.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Записник од дискусии (Record of Discussions) за економска и дипломатска соработка помеѓу Република Кореја и Република Северна Македонија, како материјал за информирање (согласно усогласувањето со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проектот „Сончев Град“, а во врска со доставениот допис/барање од страна на Турмак градежништво, индустрија и трговија, Акционерско друштво Истанбул Република Турција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена во рамките на својата надлежноста да го известат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции за можноста на исполнување на обврските кои се преземале со потпишаниот Договор за оттуѓување на градежно земјиште со електронско јавно наддавање и понуда на решение со цел, превенирање на настанување на евентуален спор.

2. Се препорачува на Општината Сопиште и Градот Скопје, во рамките на својата надлежноста во рок од 15 дена да го известат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции за можноста на исполнување на обврските кои се преземале со потпишаниот Договор за оттуѓување на градежно земјиште со електронско јавно наддавање со цел превенирање на настанување на евентуален спор.

3. Се укажува на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ - Скопје и Јавното претпријатие за државни патишта во рамките на својата надлежност, во рок од 15 дена да го известат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции за можноста на исполнување на обврските кои се преземале со потпишаниот Договор за оттуѓување на градежно земјиште со електронско јавно наддавање со цел превенирање на настанување на евентуален спор.

4. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, да го координира процесот и по добивање на сите мислења повторно да организира состанок со претставници од компанијата Турмак градежништво, индустрија и трговија, Акционерско друштво Истанбул Република Турција, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање, Општината Сопиште, Градот Скопје, Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ - Скопје и Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2023 година.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Изградба на нова железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридорот VIII“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори и Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, да продолжат со активностите кои се потребни за спроведување на тендерската постапка на проектот „Изградба на нова железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридорот VIII“.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави известување до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори за измена на Планот за јавни набавки во однос на проценетата вредност на договорот за градежни работи „Изградба на нова железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридорот VIII“.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, во соработка со Министреството за транспорт и врски да ги преземат сите потребни активности за навремено спроведување на постапката за експропријација во најкраток рок, со цел нејзино завршување пред започнување на градежните активности на терен, вклучително и за навремена реализација на Планот за раселување, за да се избегнат оштетни побарувања од страна на изведувачот.

4. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија да достави известување до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори за статусот на реализација на Договорот за спроведување на дополнителни геомеханички испитувања на делницата Крива Паланка до границата со Република Бугарија.

5. Се задолжува Министерството за транспорт и врски со соработка со Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, во најкраток можен рок да оствари комуникација со надлежните институции во Република Бугарија со цел да се изнајде решение за начинот на завршување на градежните работи на делот од тунелот кој се наоѓа на територија на двете земји, со цел да се избегнат оштетни побарувања од страна на изведувачот.

6. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за транспорт и врски да ги преземе сите потребни активности за финализирање на градежните работи на делницата од фаза 2 Бељаковце-Крива Паланка, согласно предвидената динамика за да се овозможи непречено поврзување на градежните работи од фаза 3, Крива-Паланка кон границата со Република Бугарија, а со цел да се избегнат оштетни побарува од страна на избраниот изведувач.

7. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, да ги преземе потребните активности за финализирање на тендерското досие за договорот за надзор на градежните работи и навремено спроведување на тендерската постапка за избор на надзор на проектот „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридорот VIII“, со цел усогласување на временската рамка за склучување на Договорот за градежни работи и за договорот за надзор на градежните работи.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:35 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот наВладата на Република Северна Македонија**

**dr.Artan Grubi**